U уреда
ЕСС

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУАВЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ
AGJENSIONI PËR ADMINISTRIM ME PRONË E KONFISKUAR
Бр.-Nr. 01-3699/1
16.10. 2025 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ПРАВИЛНИК

## за изменување на Правилник за систематизација на работните места во Агенцијата за управување со одземен имот

*Октомври, 2024*

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016 , 35/2018 и 198/18 и ,,Службен весник на Република Северна Македонија'' број 143/19 и 14/20), а во согласност со Правилникот за изменување на Правилникот за содржината и начинот на подготвување на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места, како и содржината на функционалната анализа на институциите во јавниот сектор (Службен Весник на РСМ бр.217/2021) в.д директорот на Агенцијата за управување со одземен имот донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за управување со одземен имот**

**Член 1**

Со, овој Правилник се врши измена на Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за управување со одземен имот со арх.бр. 01-4470/2 од 07.10.2015, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за управување со одземен имот со арх.бр. 01-4470/5 од 13.11.2015, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата, за управување со одземен имот со арх.бр.01-503/1 од 23.02.2016, Правилникот за изменување, и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за ,управување со одземен имот со арх.бр. 01-503/4 од 04.04.2016) и Правилникот за изменување и ,дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за управување со одземен имот со арх.бр. 01-3817/1 од 17.08.2018 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за управување со одземен имот со арх.бр.01-5471/1 од 19.12.2019 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за управување со одземен имот со арх.бр.01-3472/1 од 09.12.2020 година , Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за управување со одземен имот со арх.бр.01-2840/1 од 20.07.2021 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за управување со одземен имот со арх.бр.01-4184/1 од 04.11.2021 Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за управување со одземен имот со арх.бр.01-4820/1 од 07.2.2022 година.

**Член 2**

Во глава IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО АГЕНЦИЈАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ, точка IV.3 СЕКТОР ЗА ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ, потточка IV.3.1 Одделение за преземање на одземен имот, во работното место под реден број 27, назив на работното место ,, самостоен референт за евиденција на одземен имот" со шифра УПР0101Г01000, во **делот – вид на образование зборовите:,,Вишо образование, средно гимназиско образование или средно стручно образование (економски, машински или електро смер) " се менуваат и гласат : ,,**Вишо образование,/ средно гимназиско образование или средно стручно образование".

**Член 3**

Во глава IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО АГЕНЦИЈАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ, точка IV.3 СЕКТОР ЗА ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ, потточка IV.3.1 Одделение за преземање на одземен имот, во работното место под реден број 28, назив на работното место ,, помлад референт за евиденција на одземен имот" со шифра УПР0101Г04 000, во **делот – вид на образование зборовите,, Вишо образование, средно гимназиско образование или средно стручно образование (економски, машински или електро смер)" се менуваат и гласат :** ,,Вишо образование, средно гимназиско образование или средно стручно образование".

**Член 4**

Во глава IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО АГЕНЦИЈАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ, точка IV.3 СЕКТОР ЗА ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ, потточка IV.3.1 Одделение за преземање на одземен имот, во работното место под реден број 29, назив на работното место ,, Чувар Портир II "со шифра УПР0402А02001 , во **делот – вид на образование зборовите ,, средно гимназиско образование или средно стручно образование (економски, машински или електро смер)" се менуваат и гласат : ,,** средно гимназиско образование или средно стручно образование".

**Член 5**

Во глава IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО АГЕНЦИЈАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ, точка IV.3 СЕКТОР ЗА ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ, потточка IV.3.1 Одделение за продажба и управување со одземен имот, во работното место под реден број 34, назив на работното место ,, самостоен референт- јавен извршител за движен имот " со шифра УПР0101Г01000, во **делот – вид на образование зборовите ,, Вишо образование или средно гимназиско образование или средно стручно образование (градежна струка)" се менуваат и гласат :** ,,Вишо образование, средно гимназиско образование или средно стручно образование".

**Член 6**

Во глава IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО АГЕНЦИЈАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ, точка IV.3 СЕКТОР ЗА ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ, потточка IV.3.1 Одделение за продажба и управување со одземен имот, во работното место под реден број 35 со шифра УПР0101Г01000, назив на работното место ,, самостоен референт- јавен извршител за недвижен имот " , во **делот – вид на образование зборовите ,,Вишо образование, средно гимназиско образование или средно стручно образование (економски, машински или електро смер)" се менуваат и гласат :** ,,Вишо образование, средно гимназиско образование или средно стручно образование".

**Член 7**

Во глава IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО АГЕНЦИЈАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ, точка IV.3 СЕКТОР ЗА ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ, потточка IV.3.1 Одделение за општи работи, во работното место под реден број 39, со шифра УПР 01 01 Г04 000 назив на работното место ,, помлад референт - архивар ", **делот – вид на образование зборовите ,, Вишо образование, средно гимназиско образование или средно стручно образование (економски или правен смер)" се менуваат и гласат :** ,,Вишо образование, средно гимназиско образование или средно стручно образование".

**Член 8**

Во глава IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО АГЕНЦИЈАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ, точка IV.3 СЕКТОР ЗА ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ, потточка IV.3.1 Одделение за општи работи, во работното место под реден број 39-а, со шифра УПР0101 Г04 000 назив на работното место ,, помлад референт за административно – техничка и логистичка поддршка", во **делот – вид на образование зборовите** ,,Вишо образование или Средно гимназиско или средно стручно образование (трговска струка)" **се менуваат и гласат : ,,**Вишо образование, средно гимназиско образование или средно стручно образование".

**Член 9**

Во глава IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО АГЕНЦИЈАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ, точка IV.3 СЕКТОР ЗА ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ, потточка IV.3.1 Одделение за општи работи, во работното место под реден број 40, со шифра УПР 0403А03001 назив на работното место ,, Возач III ", во **делот – вид на образование зборовите ,, Средно гимназиско образование или средно стручно образование (електро, машински или економски смер)"се менуваат и гласат : ,,** средно гимназиско образование или средно стручно образование".

**Член 10**

Во глава IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО АГЕНЦИЈАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ, точка IV.3 СЕКТОР ЗА ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ, потточка IV.3.1 Одделение за општи работи, во работното место под реден број 46, со шифра УПР0101Г03000 назив на работното место ,, референт за персонална евиденција ", во **делот – вид на образование зборовите ,, Вишо образование, средно гимназиско образование или средно стручно образование (економски или правен смер)" се менуваат и гласат : ,,** вишо образование, средно гимназиско образование или средно стручно образование".

**Член 11**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената писмена согласност од Министерството за јавна администрација.

**Архивски бр.01-3699/1**
**Д,атум 16 .10 .2024**

**В.Д Директор**
**на Агенција за управување со одземен имот**

**Ирена Илиевска**